# Билтен

OHRID INSTITUTE FOR ECONOMIC STRATEGIES AND INTERNATIONAL AFFAIRS

*Декември '07*


***Објавување на првите два извештаи од проектот Мониторинг на Лидерството 30.08.2007 година.............................................................. ……………………стр.2***

***Извештај за почетокот Форумот " Македонија на прагот на ЕУ и НАТО" ........................................................................................................................стр.2-3***

***Промоција на книгата " Културните разлики и општествената интеграција: Македонија пред и по Рамковниот договор" од авторот Др. Ганка Цветанова..стр3***

***Извештај од финалниот Форум ...................................................................... …стр.4***

***Објавување на Повик за примање на текстови за второто издание на списанието ГЛОБАЛ........................................................................................................стр.5***

***Презентација на 3 и 4 извештај од проектот Мониторинг на Лидерство........ стр.5***

**Презентација на првите два извештаи од проектот**

**"Мониторинг на Лидерство"**

На ден 30-ти Август 2007 година, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ги презентираше извештаите од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија како основен дел од преоктот " Мониторинг на Лидерство ".







Проектот "Мониторинг на Лидерство" вклучува детални анализи и извештаи за активностите на Владата, наспроти ветувањата направени од владеачката коалиција во текот на кампањата. Извештаите се стремат да дадат една јасна слика на пошироката јавност за планираните, остварените и неоставарените реформи на новата Влада, преку мониторинг базиран на перформансите со конструктивна и компаративна анализа во 11 области од општествениот живот. Презентацијата побуди голема заинтересираност кај владините служби, амбасади и воопшто македонската јавност. Присутни беа стотина гости од најразлични области кои покажаа голема заинтересираност за извештаите. Презентацијата беше посетена од голем број новинари кои известуваа и пренесуваа за настанот со што Институтот ОХРИД доби голема медиумска покриеност.

## Извештај за Форумот " Македонија на прагот на ЕУ и НАТО – заедничка одговорност на сите политички партии "



Македонија во последните 8 години направи импресивен чекор напред во нејзината стратегиска цел и амбиција за да стане членка на Евроатланските структури и е многу блиску за да ја постигне својата цел.

Од декември 2005 година земјата е кандидат за членство во Европската Унија и со нетрпение очекува да ги започне преговорите што е можно поскоро а истовремено очекувајќи покана за членство во НАТО следната година.

ОХРИД Институт за економски стратегии и меѓународни односи во рамките на проектот “Политички Дијалог 2007“ во периодот Септември/Октомври 2007 организираше тркалезни маси под името “ Македонија на прагот на ЕУ и НАТО – Заедничка одговорност на сите политички партии “. Форумите се одржаа во Скопје на 24 Септември, Куманово на 26 Септември, Охрид на 5 Октомври и во Струмица на 8 Октомври 2007.

Дискусиите кои беа остварени на сите политички форуми беа: зголемувањето на рботата на Парламентот, политички дијалог помеѓу партиите, невладиниот сектор, граѓаните, политичката култура во прифаќањето на аргументите од граѓаните сериозно, нови структури на политички партии, внатрешна демократија во партиите, отварање на партии за граѓаните, поголема транспарентност во политичкиот процес на донесување одлуки внатре во партиите, учество на граѓаните во партиите, партиите како сервис на граѓаните, учеството на жената. На овие форуми присуствуваа преставници од сите политички партии меѓународни експерти од политичките фондации кои се активни во Македонија како ИРИ, НДИ, Конрад Аденауер и Фондација Фридрих Еберт, членови од Македонскиот Парламент и преставници од Норвешката Партија.

## Промоција на книгата “ Културните Разлики и Општествената Интеграција: Македонија пред и по Рамковниот Договор “ од авторот Ганка Цветанова



ОХРИД Институт на ден 12.12.2007 година во националната галерија Даут Пашин Амам ја промовираше книгата “ Културните разлики и општествената интеграција: Македонија пред и по рамковниот договор “ од авторот Ганка Цветанова. Предмет на анализа во оваа книга се начинот на кој се артикулирани и менаџирани прашањата од меѓуетничките односи, особено оние кои се врзани за изразување на културата и

идентитетот на различните заедници кои живеат во Република Македонија, и тоа согледани во еден историски контекст. Почнувајќи со историските корени на мултикултурализмот во Македонија, па се до поновите случувања во нашата историја, вклучително конфликтот во 2001 година кој финишираше со Рамковниот Договор, т.е. со редефинирање на македонскиот политички образец, односно моделот на политичко уредување и какви се импликации имаше тоа врз интегрираноста на македонското општество.

## Ивештај од финалната трибина од Форумот
## "Македонија на прагот на ЕУ и НАТО "




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД го организираше последниот регионален сепартиски форум " Македонија на прагот на ЕУ и НАТО – заедничка одговорност на сите политички партии " во Скопје на ден 15.12.2007 година.

Форумот беше поделен на две работни сесии. На првата сесија со наслов " На прагот на ЕУ и НАТО заедничка одговорност на политичките партии заклучоци од 12 форуми " се дискутираше за улогата и одговорноста на политичките партии од владината коалиција и опозицијата за успешно да ја одработат агендата што преостанува за прием во ЕУ и НАТО, кои недостатоци остануваат во политичката култура и како да се намдинат со заеднички труд од партиите, дали се доволно силни локалните ограноци за давање свој придонес во политичкиот развој. Се рагледа и каква е комуникацијата меѓу партиите и граѓаните и дали има доволна вклученост на сите нивоа.

На втората работна сесија со наслов " Македонскиот модел за ЕУ и НАТО, како македонските политички партии да работат со фамилиите од западните политички партии и да се користат овие врски за маркетинг на Македонија, што недостасува во македонскиот модел, дали е успешен и како позитивно да се мобилизира желбата на 96/91 % на граѓаните во реалната политика.

## Објавуавање на повик за примање на текстови за второто издание на списанието ГЛОБАЛ




Уредувачкиот одбор на ГЛОБАЛ, Ревија на Институтот ОХРИД објавува повик за примање текстови за второто издание кое ќе излезе во јануари 2008 година.

ГЛОБАЛ, Ревија на Институт Охрид е тримесечно списание издавано од Институтот за економски стратегии и меѓународни односи - Охрид. Се однесува на теоретски и истражувачки дел во полето на економскиот развој, меѓународната безбедност, мировните студии, конфликтни решенија, градење на мир и други области од економијата и политиката, од мултидисциплинарна перспектива; теоретски и емпириски обработени.

За второто издание на магазинот, авторите се повикуваат да ги поднесат нивните текстови на главните теми од :

- Политичкиот развој
- Еконоска перспектива

## Презентација на третиот и четвртиот извештај од проектот "Мониторинг на Лидерство"

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи на ден 19.12.2007 година ќе одржи презентација на третиот и четвртиот извештај од евалуацијата на перформансите на Владата на Република Македонија кој го покрива периодот август – септември, октомври – ноември 2007 година.

IMPRESSUM:

Publisher: Ohrid Institute for Economic Strategies and International Affairs

Executive Director: MA Biljana Janeva

Ul. Dimitrije Tucovic 24,
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Telephone/Fax: +389 2 322 44 57

oi@oi.org.mk